НОВА МАКЕДОНИЈА, 18235,



*ВО АТЕЛЈЕТО НА ИЛИЈА ПЕНУШЛИСКИ*

# Слободата е прашање на личен избор

**ГОЦЕ РИСТОВСКИ**



**Илија Пенушлиски: „Автопортрет“**

Илија Пенушлиски (Скопје, 1947) е припадник на средната генерација македонски сликари. Завршил Академија за ликовна уметност во Белград, а во 1972/1973 година бил на постдипломски студии на Прат Институтот во Њујорк. Пенушлиски е слободен уметник, можеби со најдолг стаж во Македонија – цели 26 години.

Разговорот го водиме во неговото ателје, всушност една поголема просторија во станот на неговиот татко. Од соседната соба се слуша машинопис. Тоа професорот Кирил Пенушлиски работи на својата нова книга.

Ако ателјето на некаков начин создава слика за уметникот, тогаш, на прв поглед, се чини несредено. Освен очекуваните сликарски реквизити, расфрлени бои, четки, купишта рамки, платна, довршени и започнати слики, вниманието го привлекува и една мала слика од Никола Мартиновски, на ѕидот до штафелајот, очигледно поставена со особен пиетет. Ја споменувам, зашто историјататот на таа слика Пенушлиски го зеде за пример кога зборуваше за патот на сликите. На спротивната страна на ѕидот стои и еден дамнешен цртеж на неговиот другар и пријател Рубенс Корубин. И во текот на нашиот разговор, со своето телефонско јавување, тој ја исполни нивната традиција на секојдневен взаемен рапорт за успешниот или неуспешниот сликарски ден.

На штафелајот, пак, е сеуште недовршената слика на Пенушлиски – како во нејзината драматика на ненаметливи сенки да се кријат одговорите на многу суштествени прашања за уметноста и цивилизацијата, воопшто.

Атмосферата во ателјето е исклучителна. Тоа не е монденско-боемски простор, туку простор видливо потчинет на потребата на сликарот за комотност во работата. Како да ги одразува ставовите на уметникот: висока доза на етичност, одмереност во исказите, што и прилега на човек кој во сопствен мир го живее зрелото творечко доба.

Сликарот зборува ненаметливо, полека, чиниш нерадо возвраќа на новинарската љубопитност, особено на непосредните прашања за него и неговото сликарство. Станува за миг, приоѓа до некоја слика, па одново се враќа на темата, се доискажува. Неамбициозно ја открива својата елоквентност, својата загриженост за предизвиците на нашето време, своите ставови. Ни ронка фалби за неговите „светски искуства“ и патешествија. А не дека не го прошетал светот. Треба да му ги тегнеш зборовите, а мислата е јасна. Понекогаш треба да го „читате“ меѓу редови, како кога ви го дава за пример расказот на Јурсенар за чудесниот сликар Ван Фо, во вид на парабола за самодоволноста и семоќта на сликарскиот свет.

Откако со своето дело не го задоволил мандаринот, Ван Фо требало да ја изгуби главата. Како што е ред, побарал исполнување на последната желба. И ја добил – на бурните води на своето платно, со благ потег на четката нацртал брод. Се задале силни води, истекле од сликата, а Ван Фо и неговиот ученик се качиле на бродот и заминале.

Зборуваме и за тенката линија по која се движи генијалноста, за границите на можното, на „нормалното“, за Кастањеда и за средбата за Курт Вонегат, авторот на „Квака 22“, и пораките што писателот ги „доб ивал“ од другите светови.

**● Пенушлиски е припадник на средната генерација македонски сликари, слободен уметник со стаж од цели 26 години. – Културата во политиката и политичките игри во културата се приказна за себе. Нема да паднам во стапица и да понудам магична формула. – Себе си се сметам за еден од малкумината чувари на дигнитетот на мојата професија, вели Илија Пенушлиски**

Се навраќаме одново на неговото сликарство. Пенушлиски покажува една од поновите слики. Некој измислен град, некоја асоцијација на Ренесансата и едно кајче пуштено во неизвесни води. Ја гледа својата творба сликарот, се качува во кајчето и заминува... Се враќа со нова тура јако кафе.

Нови импулси за разговор.

### „БЕЗБЕДНОСТА“ НА АТЕЛЈЕТО

– Разговорите за значењето и местото на културата и уметноста во нашава средина нерадо ги водам. По правило, на крајот на тие разговори го имам чувството на пораз: станувам дел од армијата на политичари, автори и „мислители“, интелектуалци и организатори, што загрижено, со многу страст и „знаење“, нудат најразновидни решенија, закони и закани, рецепти. Истовремено, зачуден, се ловам себеси како недоследно се движам од еден екстрем до друг: од борбеноста на човек што љубов и радост ја одбрал и ја поседува само оваа средина на живеење, до лажното, супериорно чувство на автор што секогаш може да побегне во аутистичката безбедност на своето ателје.

Ми се случуваат и „дневни“, „импресионистички“ реакции што ме збунуваат. Оптимизмот и песимизмот недозволено брзо си ги менуваат местата. Причината за ваквите мои реакции може да биде некој настан во културата, напис или текст за културата во весниците, списанијата, на телевизијата. Културата во политиката и политичките игри во културата се приказна за себе. Со цел на заштеда на време ќе го посочам текстот „Крлежовци“, на Венко Андоновски во последниот саботен број на „Нова Македонија“. Тоа е одличен портрет на некои културно-интелектуални кругови и состојби кај нас. Треба да се препрочитува одвреме навреме. Сигурен сум дека ќе спаси некоја душа!

Сведоци сме и на една неисцрпна енергија и инвентивност во изнаоѓањето и етикетирањето на главните „виновници“ за очајните состојби во нашата култура. Како тука да се исцрпува креативната моќ. Единствената разлика е појдовната позиција на кој од многубројните фронтови му припаѓате? Дали сте автор, уметник, културен работник? Дали сте во власта, политиката? На која партија, друштво, сте член?

Најголемите конформисти се прогласуваат за револуционери. Највештите конвертити, политички и творечки, зборуваат за доследност и морал. Писателите, филмаџиите, сликарите се натпреваруваат во лелекањето за својот статус и судбина. Удараат на ѕвоното на демократијата и радо би ги уживале бенефициите од претходниот систем. Се повикуваат на западни модели, а очекуваат државни јасли. Од другата страна, за културата зборуваат и одлучуваат и извесни чиновници, политичари и административци. Ни ги соопштуваат своите децидни ставови, а најблиску биле до културата кога случајно поминале пред киното „Култура“.

Ќе парафразирам. Во големото исчекување што за нас ќе направи државата (Министерството за култура) заборавме што ние – луѓето од културата, можеме да направиме за нашата земја.

Нема да паднам во стапица и да понудам магична формула. Поразот и победата почнуваат и завршуваат во пресметката со самиот себе.

Потрагата по златниот клуч за проблемите во културата наликува на потрагата по Светиот град. И тука, за мене, завршува единствената привлечност на ова прашање, вели Пенушлиски.

За статусот на слободен уметник и сите консеквенци што таа позиција ги носи на професионален и животен план, зборува помалку на шега:

– Во една прилика бев задоволен од сопствената формулација на ова прашање. Реков дека несреќната спрега „слободен уметник“ бескрајно ме забавува. Понекогаш таа ми се чини цинична, понекогаш контрадикторна, понекогаш плеоназам. Слободата е прашање на личен избор: слободни сте онолку колку што сте подготвени да ја поднесете таа слобода! Се разбира, ваквиот статус нужно бара од вас да ги изострите одбрамбените механизми, да измислувате розови очила и тогаш кога тоа е невозможно. На некој начин станувате борец до последен здив. Во тоа на чудесен начин ви помагаат и сликите што веќе одамна го напуштиле вашето ателје. Сликите поседуваат сопствен живот. Ќе се сретнете, „се досликале“, без ваша вина или заслуга. Си одбрале друг простор, нова светлина. Некому му зборуваат повеќе отколку вам кога бевте заедно. Останале со сите грешки на младоста, вие сте остареле. Отишле во раце на слепец – сега се во рацете на вљубеник. Кој ли знае каде сè шетал мојот Мартиноски од илјададеветстотинитриесетинекоја? Знам дека од Македонија, преку Србија, стигнал кај некоја романка во Букурешт; таа мене ми го продаде, преку посредник. Сигурен сум дека сликата сега е исклучително среќна со мене!

### СЛИКАРОТ НЕ Е СОПСТВЕНИК НА СЕКОЕ СВОЕ ДЕЛО

Го запрашавме Пенушлиски за она што неодамна проструи во јавноста за „профитирањето“ на сликарите во врска со аферата за јавни набавки во МВР, ЗУС и поконкретно, како се случи таму да се спомене и неговото име.

– Морам да кажам, со чувство на крајна нелагодност, дека имам потреба да почнам со најелементарното: да демантирам дека МВР, ЗУС или било кое друго министерство поседува макар и една моја слика, цртеж или графика. Познавајќи го талентот на нашата средина за подметнување, а по малку и поради фактот што мојата сопруга е во политиката, со засилена претпазливост влегувам во секоја „зделка“. Ако сум добро расположен ќе кажам дека моето име се најде таму по грешка или новинарска немарност. Се плашам дека во лошо расположение ќе понудам дури и со параноични толкувања.

Дозволете, јавно, да ја кажам сопствената препотенција. Признавам дека се сметам себе си за еден од малкумината чувари на дигнитетот на мојата професија. Додворувањата, врските, пријателствата, недостоинствените начини на промоција, маркетинг, борба за „рејтинг“, награди и продажби – ми се туѓи. Можеби, тука е причината што се почувствував длабоко навреден.

Инаку, критиките по прашањето на опремата на јавните институции со ликовни дела не ги разбирам. Ако ги ставиме настрана обвинувањата за нелегалниот начин на исплата, во што не можам, не смеам и не сакам да навлегувам, ништо друго не останува спорно. Графичките мапи на моите колеги, за кои се дигна толкава врева, се најумниот, па ако сакате, и највносниот потег што може да се замисли. Со минимум финансиски средства, а со висок квалитет, се опремија бројни државни институции, наши амбасади. Во ниедна цивилизирана земја сликите во јавните институции не се сметаат за непотребен луксуз. Не е нужен голем напор да се забележи дека зад Клинтон, на ѕидовите на Белата куќа виси Винслоу Хомер, зад Ширак стои еден Жерико или Буше, кај соседите Милуновиќ или Балкански.

Инсистирањето на јавен конкурс за набавка на ликовни дела ми се чини проблематично. Конкурсите се оправдани кога се работи за изведба на споменички обележја, монументални скулптури, мозаици или дрги ликовни проекти што ќе бидат дел од јавниот простор, објект, парк, кога постои зададена тема, техника или технологија на изведба итн. Сликарите со своите штафелајни дела се учесници на еден континуиран конкурс. По децении работа, бројни изложби, постои можност за јасен увид во нивното сликарство. Оттука, директните аквизиции и нарачки се вековна практика во сите цивилизации. Историјата на ликовните уметности тоа најдобро го потврдува.

На крајот, уметникот не го поседува правото на избор на идниот сопственик на неговото дело. Треба ли претходно да го скенираме моралниот, финансискиот, партискиот профил на купувачот. Сликарската работа престанува кога тој сликата ја прогласува за завршена.